**20250741655**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

Врз основа на член 185 од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА (*)**

Член 1

Во Правилникот за обновливи извори на енергија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.186/24), во членот 2 став (3) во точката 10) сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во точката 11) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По точката 11) се додава нова точка 12) која гласи:

„12) „преглед на електроцентралата“ е вршење на увид на лице место на електроцентралата од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството) и утврдување на фактичката состојба на електроцентралата врз основа на основниот или изведбениот проект за електроцентралата и извештајот за извршен технички преглед од надзорниот инженер.“.

Член 2

Во членот 6 во ставот (1) зборовите „за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството)” се бришат.

Член 3

Во членот 14 став (2) точката 2) се менува и гласи:

„решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа и известување за ставање под напон, издадени од операторот на електродистрибутивниот систем, односно договор за користење на преносната мрежа склучен со операторот на електропреносниот систем, со кои се потврдува дека енергетскиот објект е поврзан на соодветниот систем,“.

Во точката 4) сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со запирка.

По точката 4) се додава нова точка 5) која гласи:

„5) основен или изведбен проект за електроцентралата и“.

Точката 5) станува точка 6).

Во ставот (3) точката 1) се менува и гласи:

„член 11 став (2) точка 4) од овој правилник, барателот доставува решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа и известување за ставање под напон, издадени од операторот на електродистрибутивниот систем, со кои се потврдува дека постројката за производство е поврзана со електродистрибутивниот систем и“.

---

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со законодавството на Европската Унија.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Документите од ставот (2) точките 1), 2) и 5) и ставот (3) на овој член, барателот ги доставува во оригинал или копија заверена на нотар.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1567/1
4 април 2025 година
Скопје

Министер за енергетика,
рударство и минерални
суровини,
**Сања Божиновска**, с.р.